# З А П И С Н И К
# Од 427-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Седницата се одржа на ден: 11.01.2023. во 09.30 часот во салата за седници на Судскиот совет на Република Северна Македонија .

Присутни на седницата:
- **Весна Дамева,претседател**
- **м-р Селим Адеми, заменик претседател**
- **Мирјана Радевска Стефкова,член**
- **Ханиф Зендели**, **член**
- **Зоран Герасимовски,член**
- **Мери Радевска, член**
- **м-р Ивица Николовски,член**
- **Сашко Георгиев, член**
- **Мирсад Суроји, член**
- **Павлина Црвенковска , член**
- **м-р Тања Чачарова Илиевска ,член**

Отсутни членови:
- **Лорета Горгиева, член - оправдано отсутна**
- **м-р Милазим Мустафа,член**
- **Беса Адеми, претседател на Врховен суд на РСМ**
- **д-р Никола Тупанчевски, Министер за правда**

Присутни од стручната служба:
- **Весна Толева**, ВД генерален секратар
- **м-р Вера Андрејчин**, советник
- **Љубиша Арсиќ**, државен советник
- **м-р Викторија Аврамовска Мадиќ**, државен советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присутво на медиумите и друга поширока јавност.

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет, седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот- Весна Дамева .

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, Претседателот на Советот Весна Дамева го изложи предлог Дневниот ред за 427-та седница со измена на објавениот и предложениот дневен ред со денешниот дневен ред во делот на Извештај од работната посета на Основен суд Гостивар, наведе дека истиот нема да се разгледува на оваа седница и истиот ќе биде предмет на разгледување на наредната седница на Судскиот совет.

Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа по предлог Дневниот ред на седницата.

За збор се јави заменик претседателот м-р Селим Адеми кој истакна дека по објавување на дневниот ред од страна на тројца судии од Основен суд Прилеп се доставени приговори против одлуките на Претседателот на Основен суд Прилеп за распоредување на судиите и во други оддели во судот и предложи истите да се разгледаат под точка Разно.

Откако констатира дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот Весна Дамева, предлог - Дневниот ред го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на:
   • Записник од 424-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 19.12.2022 година;
2. Разгледување на Извештај од работна посета на Апелационен суд Скопје;
3. Одлучување по Барање за надомест на трошоци;
4. Расправа по Извештај за констатирана состојба;
5. Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;
6. Разно.

**Точка 1**

**Усвојување на Записник од 424-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 19.12.2022 година**

Претседателот на Советот Весна Дамева, отвори расправа по записникот од 424-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 19.12.2022 година.Откако констатира дека никој не се јави за збор, Претседателот на Советот записникот од 424-та седница го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен.

**Точка 2**

**Разгледување на Извештај од работна посета на Апелационен суд Скопје**

Претседателот на Советот- Весна Дамева истакна дека по донесениот заклучок од страна на Судскиот советот на седницата одржана на 19.12.2022 година од страна на работната група е извршена работна посета на Апелационен суд Скопје заради констатирање на состојбата по конкретни предмети кои што беа предмет по самиот заклучок и од страна на работната група доставен е извештај. Претседателката и даде збор на известителот на работната група и координаторот на Апелациониот суд Скопје членот на Судски совет м-р Тања Чачарова Илиевска.

Ивестителот на работната група м-р Тања Чачарова Илиевска иста дека работната група, постапувајќи согласно заклучокот на Судскиот совет на ден 23.12.2022 година изврши вонредна работна посета во Апелациониот суд Скопје заради вршење на увид во предметите кои што беа наведени во заклучокот, односно предметот КОКЖ бр. 81/21, во јавноста познат како ТАРГЕТ - ТВРДИНА, КОКЖ бр.70/2020, во јавноста познат како ТРАНСПОРТЕР, КОКЖ бр.100-21, во јавноста познат како ТРЕЗОР и КЖ.бр.365/20, во јавноста познат како АЛФИ.

Истакна дека, во извештајот кој го изготвила работната група дадена е хронологија на преземените дејствија од страна на Апелациониот суд Скопје и движење на предметите од денот на приемот, распределба кај судија известител и преземените процесни дејствија од страна на судечкиот совет кој постапувал по наведените предмети. Работната група констатирала дека во сите совети постапувале важечки судии, односно нема судии на кои им престанала судиската функција и одлуките кои се донесени во 3-те предмети се донесени од валидни судечки совети. Воедно, истакна дека нема да ја чита хронологијата на предметите бидејќи ги има во Извештајот од работната група, меѓутоа потенцираше дека ќе ја истакне состојбата која ја констатирала работната група во овие предмети.

За предметот **КОКЖ бр.81/21**, во јавноста познат како **ТАРГЕТ - ТВРДИНА** укажа дека, работната група во податоците од АКМИС системот и податоците во списите на предметот констатирала дека по предметот е одржана јавна седница на 07.03.2021 година и наредно евидентирано процесно дејствије видно од податоците е седница на оддел и седница на совет на судии на 05.12.2022 година кога е донесена и објавена Одлуката по овој предмет.

Претседателката Весна Дамева зеде збор за да констатира дека во овој момент на седницата е присутен и членот на Судски совет м-р Милазим Мустафа.

Известителот на работната група м-р Тања Чачарова Илиевска, продолжи со образложување на извештајот и констатираната состојба и истакна дека се изминати 9 месеци, без 2 дена од одржување на јавната седница до објавување на одлуката. Исто така, работната група констатирала дека нема образложени причини за изминување на толку долг период за постапување по предметот КОКЖ бр.81/21 и истакна дека работната група смета дека од страна на судот со вакво постапување се создале услови за евентуално застарување во оваа постапка што е сериозен основ за повреда на ЗКП и непочитување на роковите за донесување на одлуката. Исто така, истакна дека од страна на работната група е побарана изјава на судијата известител, бидејќи во надлежност на судијата известител е динамиката на движење на предметот, посебно од завршување од јавната седница. Во изјава на судијата известител како причини за ваквата состојба биле наведени голем и обемен број на предмети од КОКЖ уписникот и по АКМИСОТ распоредени, предмети од јавен интерес и видно од фактичката состојба тоа е точно. Известителот на работната група потенцираше дека видно од уписникот е дека нормата месечно ја исполнувал судијата известител, но работната група констатирале дека во сите други предмети кои кои му биле распоредени по уписник, и тоа предмети итни, притворски и од јавен интерес, предмети распоредени од 2022 година постапувал и ги завршил, единствено предметот КОКЖ бр. 81/21 е незавршен предмет.

Известителот на работната група, истакна дека земени се изјави на судиите во советот, судијата известител и други двајца судии,а од еден судија не е земена изјава, од причина што истиот судија по објавување на одлуката е пензиониран. Во изјавите, судиите истакнале неколку причини за долгиот период, како што се сложеноста на предметот, обемниот материјал во предметот, и потребата од подолг временски период за испитување и ценење на првостепената пресуди и вложените жалби. Работната група, констатирала дека симптоматично е што во сите изјави на судиите од судечкиот совет, истакнале дека од денот на јавната расправа до денот на донесување и објава на одлуката, членовите на судечкиот совет на неколку наврати се состанувале,

но работната група при увид во предметот констатирала дека нема записи за состанување. Видно од погоре изнесено, работната група констатирала дека нема образложени причини за толку долг период од јавната расправа до денот на донесување и објавување на одлуката. Исто така, работната група констатирала дека во овој предмет до денот на вонредната работа посета 23.12.2022 година не е изработена одлуката во писмена форма.

Ивестителот на работната група м-р Тања Чачарова Илиевска истакна дека работната група по предметот **КОКЖ бр.70/2020**, во јавноста познат како **ТРАНСПОРТЕР**, предмет од итен карактер, притворски предмет и од јавен интерес, јавната расправа била закажана и одржана на 31.08, 01.09 и 02.09.2021 година и по завршување на јавната седница по изминување на 7 месеци донесена е одлука на 08.04.2022 година. Исто така, работната група констатирала дека е поминат многу долг период и на денот на увидот во судот 23.12.2022 година одлуката не е изготвена во писмена форма. Од изјавата на судијата известител, дадена усно на денот на увидот, наведени се истите причини како во предметот КОКЖ бр.81/21 и дека изготвување на одлуката во писмена форма е во завршна фаза и истото е потврдено со верификација на одлуката на ден 27.12.2022 година. Дополнително биле добиени писмени изјави од судиите членови на судечкиот совет и претседателот на советот, и видно од нив како причини се наведени истите причини како во претходниот предмет. Известитеот на работната група истакна дека работната група и во овој предмет констатирала дека нема оправдани причини за изминување на 7 месеци од јавната расправа до донесување на Одлуката од судечкиот совет, а исто така од увид во списите на предметот и АКМИС системот работната група констатирала дека нема записи за повеќекратно состанување на членовите на судечкиот совет.

Ивестителот на работната група м-р Тања Чачарова Илиевска истакна дека работната група по предметот **КОКЖ бр.100-21** во јавноста познат како **ТРЕЗОР**, констатирала дека од податоците од АКМИСОТ и списите во предметот јавната седница била закажана на 10.02.2022 година и 21.04.2022 година кога е одржана и завршена јавната седница. Одлуката во овој предмет е донесена и објавена само за 1 месец на 31.05.2022 година, истата е изготвена во писмена форма и верифицирана на 25.11.2022 година, после 5 месеци од денот на донесување. Работната група од изјавата на судијата известител, констатирала дека како причини за поминат толку долг период од денот на донесување до денот на изготвување на одлуката биле наведени, сложеноста, обемот на списите во предметот и дека имале потреба од повеќекратно состанување за советување во предметот. Од писмените изјави на претседателот на советот и еден судија од членовите на судечкиот совет, покрај наведените причини како судијата известител, навеле дека од денот на советување и гласање, до денот на изготвување на одлуката, предметот е во надлежност на судијата известител. Исто така, работната група и во овој предмет констатирала дека во списите на предметот нема записи за повеќекратно состанување на судечкиот совет. Работната група констатирала дека по овој предмет нема записник дали закажаната јавна расправа на 10.02.2022 година е одржана и зошто е одложена иако видно од писмените изјави на членовите на судечкиот совет причина за одложување е боледување на претседателот на советот.Оттука, од погоре изнесеното, работната група констатирала дека нема причини за поминување на 5 месеци од денот на советување и гласање до денот на изготввување на одлуката во писмена форма.

Ивестителот на работната група м-р Тања Чачарова Илиевска истакна дека работната група по предметот **КЖ.бр.365/20,** во јавноста познат како **АЛФИ,**

констатирала дека на неколку пати се закажувани и одржани јавни седници и истите се неколку пати одложувани поради непотполност на предметот, доставена првостепена пресуда што несоодејствувала со списите во предметот, предметот се враќал административно на доуредување во првостепениот суд, четири пати се одложени јавните седници поради отсуство на бранителот на обвинетиот кој бил ангажиран во други предмети, а исто така поради тоа што за двајца членови од советот било побарано изземање од предметот. Во овој предмет не е донесена одлука, одржана е јавна седница на 22.12.2022 година. Во писмените изјави на судијата известител, претседателот на советот и членовите на советот, наведени се причините за долгото траење на постапката по предметот и тоа сложеноста на предметот, проучување на списите од една до друга јавна седница, ижа исто така наведено е дека брзо се очекува донесување на одлука.

Известителот на работната група истакна дека видно од констатираните факти, сериозноста во водењето на овие 4-ри постапки и пропустите кои се направени од судот, работната група изготвила предлог-заклучоци кои ги предлага да бидат разгледани и усвоени на оваа седница и тоа:

1. По предметот КОКЖ-81/21 е постапено спротивно на чл. 438 ст. 2 од ЗКП, чл. 176 ст. 4 и 5, чл. 182 ст. 2 и 3 од Судскиот деловник, затоа што од одржување на јавна седница до донесување на одлуката изминал неразумно долг период.

2. По предметот КОКЖ-70/20 е постапено спортивно на одредбите од чл. 407 ст. 1 и чл. 438 ст. 2 од ЗКП, чл. 176 ст. 4 и 5, чл. 182 ст. 2 и 3 од Судскиот деловник затоа што од оддржување на јавна седница до донесување на одлуката изминал неразумно долг период, како и од донесувањето на одлуката до писмено изготвување на истата изминал подолг период од законски предвидениот рок.

3. По предметот КОКЖ-100/21 не е постапено согласно чл. 407 ст. 1 од ЗКП бидејќи од денот на донесување на одлуката до денот на писмено изготвување на истата изминал подолг период од законски предвидениот рок.

4. По предметот КЖ-365/20 се констатира дека јавната седница е одлагана повеќе пати по барање на бранителот без да се преземат дејствија за да се спречи оддолговлекување на постапката, со што е постапено спротивно на чл. 422 ст. 3 од ЗКП.

Во предметите наведени во заклучоците 1, 2 и 3 кои се предмети од итен карактер и притворски предмети, предмети од висок јавен интерес, не се завршени со почитување на наведените одредби.

5. Констатираните состојби во погоре наведените предмети на Апелациониот суд Скопје потребно е да бидат разгледани на седница на судии на Апелациониот суд Скопје, со цел превземање на мерки и дејствија за забрзување на постапките пред второстепениот суд.

Известителот на работната група, членот на Совет м-р Тања Чачарова Илиевска истакна дека работната група очекува Судскиот совет да ги усвои овие предлог-заклучоци, а понатаму во рамките на своите надлежности, во друга фаза, треба да бидат преземени сите мерки за утврдување на постоење основи за евентуални одговорности во постапување на наведените предмети.

Претседателот на Советот -Весна Дамева отвори расправа по точката од дневниот ред и им даде збор на членовите на Советот.

За збор се јави заменик претседателот на Советот- м-р Селим Адеми, кој постави прашање до работната група, дали работната група имаше разговор со судијата известител и претседателот на советот, дали има точен податок колку биле тие наврати на состанување на судечкиот совет иако нема запис и кои се причините зошто нема одлука кога се сретнувале неколку пати? Исто така, истакна дека во апелационите судови нема пракса на такви записници во ниту еден предмет. Второто прашање кое го постави до работната група е дали е точен фактот дека предметот е над 1000 страни? Истакна дека во изјавата преседателот на советот ги навел со датуми периодот кога бил отсутен поради операција, додека пак во изјавата на судијата известител е наведено дека бил болен од Ковид, но не е прецизиран датумот дали тоа било во периодот од 9 месеци? Заменик претседателот Селим Адеми, истакна дека факт е долгиот период од 9 месеци и во другиот предмет периодот од 7 месеци, меѓутоа сега не зборуваме за одговорност на судиите, туку да се констатира дали судијата известител и претседателот на совет биле во ист период на боледување или различен. Исто така, истакна дека судијата известител имал доставено писмо до Претседателот на Апелациониот суд Скопје да не му се доделуваат нови предмети, а сепак не е споманто од работната група во извештајот и како од АКМИС системот вакви итни и големи предмети се распоредени само кај еден судија известител.

Членот на Совет - Мирјана Радевска Стефкова и член на работната група зема збор и наведе дека работната група се сретнала само со еден член од советот и тоа судијата известител кој во својата усна изјава, па ниту во писмената изјава, не навел во кој период и колку бил на боледување и од тие причини работната група не навела во извештајот, а тој податок работната група го добила само за претседателот на советот од неговата писмена изјава. Во врска со дописот до претседателот на судот, наведе дека барањето се однесува  за ослободување од член на Комисија за оценување на судии во месец мај, со причини дека ќе го користи преостанатиот дел од годишниот одмор за 2021 година во месец мај, а на крај во изјавата наведува поради големиот број на предмети кои ги има во работа. Истакна дека, работната група секако ги ценела податоците кои ги има за Апелциониот суд Скопје и кривичниот оддел, од систематизацијата што се однесува на судот, предвидено е да работат 52 судии заедно со претседателот на судот, моменталната состојба на крајот на 2022 година е дека овој суд работи со 33 судии, а во кривичниот оддел работат 10 судии, состојба која се провлекува со години иако овој суд важел за најоптеретен суд со најголем број предмети. Воедно, истакна и потенцираше, иако постои ваква состојба, за итни и притворски предмети, сепак треба да се постапува согласно законските рокови и секој судија мора да ја менаџира работата со предметите.

Членот на Судскиот совет- м-р Тања Чачарова Илиевска зеде збор по однос на прашањето на заменик претседателот Селим Адеми, на колку наврати се состанувале членовите на судечкиот совет од одржување на јавната расправа до донесувањето на одлуката по првите два предмети наведени во извештајот и истакна дека не утврдиле бидејќи во писмените изјави на судиите е наведено 3 до 4 пати или неколку пати.

Членот на Судскиот совет -Сашко Георгиев зеде збор и истакна дека за доста краток временски период работната група до Судскиот совет доставила солиден извештај по однос на повеќе предети. Конкретно за предметот КОКЖ бр.81/21, познат во јавноста како Тврдина, истакна дека во судечкиот совет има

исклучиво истакнати искусни кривичари судии, и не се смоневал во нивното знаење и познавање на законот и нивните наведени причини во писмените изјави со оправдување на боледување, одмори, постапување по многу предмети и состојбата на мал број судии во самиот суд. Сепак, потенцираше дека, станува збор за судии кои требало да ги почитуваат законите, бидејќи во ЗКП точно се наведени рокови како се постапува со итни и притворски предмети и за него од чудни причини е како може да се чека 9 месеци без 2 дена за одлука со фактот дека сепак се сретнувале на неколку наврати. Воедно, постави прашање до работната група дали разговарале со в.д. претседателот на судот кој е должен да ја следи динамиката на предметите и кои се коментарите дека три години нема одлука по последниот предмет од извештајот и зошто не се ротирал некој судија во судечкиот совет, ако член од советот подолг период бил на боледување?

Членот на Советот и член на работната група - Мери Радевска зема збор по однос на прашањето на членот на совет Сашко Георгиев и повторно го истакна она што претходно го изјавија членови на работната група-Мирјана Радевска Стефкова и м-р Тања Чачарова Илиевска, дека во оваа фаза само ги утврдиле фактите околу движењето на предметите во Апелациониот суд Скопје кое опфаќа движење согласно со списите во предметот и движење согласно евиденцијата во АКМИСОТ. Истакна дека, самите судии не кажуваат колку пати тие се сретнале за да може тоа да се земе веројатно и зошто тие не одлучувале и факт е дека во судовите нема судии и во овој суд дека таа состојба е поизразена, но тоа е објективна околност и во оваа фаза не се зборува за субјективни причини. По однос на прашањето дали работната група разговарала со претседателот на судот истакна дека на денот кога работната група вршела увид во предметите претседателката била болна од Ковид. Воедно даде предлог во заклучоците да се додаде и заклучок претседателката на судот на седница на судии да ги задолжи судиите да обрнат внимание на почитување на законските рокови во постапувањето и преземањето на дејствија во предметите.

Членот на Судскиот совет –м-р Ивица Николовски зема збор и истакна дека во овој момент би бил самокритичен и дека Судскиот совет на РСМ како самостоен и независен орган има должност да ја следи работата на судиите и на судовите. Исто така, потенцираше дека доколку до сега Судскиот совет ажурно и превентивно ја следел работата на судот немаше да се доведе да биде повикан од јавноста, посебно во предметот КОКЖ.бр. 81/21. Со констатираната состојба на работната група по однос на предметите, наведе дека неспорно е дека се направени пропусти од страна на судиите, чија должност е да постапуваат законито, совесно, ажурно, одговорно и во разумен рок и не е познат ниту еден законски пропис или акт кој дозволува 9 месеци временски период за да биде донесена одлука. Воедно, истакна дека работната група треба во иднина да продолжи понатаму со работа и да констатира дали од објективни или субјективни причини постои основ за незаконито или несовесно постапување од страна на судиите во овие совети.

Членот на Судскиот совет –м-р Миљазим Мустафа зема збор и истакна дека, иако поголем број од колегите веќе дискутирале за одредени состојби сепак смета дека треба да се потенцира дека ова не е сега состојба во Апелациониот суд Скопје туку и во целото судство, Апелациониот суд Скопе е суд со најголем број предмети, а работи со мал капацитет на судии и стручни соработници, поточно со 40%, а воедно поголем број од предметите кои се од

голем интерес за јавноста со звучни имиња падналe во исти судечки совет, а 90% кај исти судија известител. Исто така, по однос на извештајот на работната група, истакна дека е за пофалба брзината со која се спремил извештајот, но истакна дека ако се земе аналогно и целосната ситуација, треба да се разгледаат предметите, поради нивната обемност и да се почне од почеток на предметот тргнувајќи од првостепениот суд, како течел предметот од започнување па се до оваа фаза, за да се види зошто овој предмет е толку години во судските лавиринти. Истакна дека, не треба денес да го ставаат судијата на обвинитела клупа зошто не ја изготвил 9 месеци одлуката, туку да ги земат во предвит сите околности, неговото учество во комисии, како ментор во Академијата, боледување. Исто така, потенцираше дека не треба Судскиот совет денес да се брза, туку да се врати извештајот на доработување и да се гледа детално, од поднесување на обвинителниот акт па се до завршување, а после тоа да се излезе со анализа. Истакна конкретна забелешка и постави прашање до координаторот на Апелационен суд Скопје по однос на точка 4 зошто истата е ставена одвоено од точка 1,2 и 3 каде е наведено дека се притворски предмети и итни, конкретно за предметот КОКЖ.бр. 365/20, познат како АЛФИ дека тој не е од итен карактер, а три години тој предмет не е одлучено.

Членот на Судскиот совет - Мери Радевска зеде збор по однос на забелешката на членот на советот м-р Миљазим Мустафа и истакна дека и овој предмет е од итен карактер, меѓутоа обвинетиот за кој се однесува овој предмет е на издржувањена казната затвор пред правосилноста на пресудата, не е во притвор, поради ова, а согласно ЗКП го определува предметот за итен. Исто така, истакна дека од изјавите на судиите ќе може да се заклучи се она што не се совпаѓа со утврдените факти во списите на предметот ќе биде предмет на разгледување понатаму. Потенцираше дека не може да ја кочат работата, не може усвојувањето на извештај и заклучоците сега да не се земат во предвид, бидејќи во него не се предмет на разгледување предметите од првостепениот суд, за тоа ќе има друга работна група која ќе ги утврдува фактите за постапувањето на тој суд. Истакна дека, разгледувањето на предметите во првостепениот суд ќе трае многу подолг период поради сите процесни дејствија кои се преземаат во првостепениот суд, а второстепениот суд само ја испитува пресудата од првостепениот без да одржи расправа по ниту еден од овие предмети и второстепениот работи на седница. Од тие причини, истакна дека, не може Судскиот совет да бара спојување на постапката и да се гледа како целина.

Членот на Судскиот совет -м-р Ивица Николовски зема збор и наведе дека во целос се согласува со излагањето на судија Мери Радевска, со извештајот и предлог заклучоците.

Членот на Судскиот совет -м-р Тања Чачарова Илиевска зеде збор по однос на излагањето на членот на совет м-р Миљазим Мустафа и истакна дека времето за изготвување на извештајот било кратко, но не и причина за изготвување на нецелосен и некомплетен извештај. Исто така, напомена дека во заклучокот со кој се задолжила работната група да постапи, немало насоки или задолженија за испитување на состојбата на овие предмети пред првостепениот суд, од тие причини сметаше дека не е потребно одложување на усвојување на извештајот. Потенцираше дека, не се согласува некои судии дека се ставени на обвинителна клупа, бидејќи станува збор за извештај во кој е констатирана состојба, а не е барано утврдување на одговорност.

Заменик претседателот на Судски совет –м-р Селим Адеми зеде збор и наведе, факт е дека Судски совет донел заклучок работна посета да се прави само за овие предметите, но истакна дека интересот на јавноста е голем и не само во делот на Апелациониот суд, туку целокупно, поради гласините дека намерно се оди на оддоговлекување за да дојде до застарување на предметите. Исто така, предложи на оваа седница да се донесе заклучок, Комисијата да продолжи да цени и разгледува каде има повеќе пропусти и оддолговлекување на постапката, во првостепениот или второстепениот суд, тогаш ќе има детални информации каде се оддолговлекува, за на крај да можат да кажат дека намерата на второстепениот суд била оддолговлекување на постапка со намера за застарување. Истакна дека, не му изгледа објективен извештајот, да се дели еден предмет и да се каже дека три предмети се од висок јавен итерес, а сепак истакна дека 4-от предмет е најслаб предмет каде јавноста со години зборува.

Членот на Судскиот совет - Сашко Георгиев зеде збор и наведе дека не треба да се делат првостепен и второстепен суд, меѓутоа треба да се има во предвид дека постојат објективни причини за постапките во првостепениот суд, како што има сослушување на странките, вештачење и други дејствија, а второстепениот суд ја гледа само пресудата од првостепениот.

Членот на Судскиот совет -Мери Радевска зеде збор и наведе дека извештајот во делот каде се делат 3-те предмети од 4-тиот предмет може да се корегира, бидејќи законот ги изедначува мерката притвор со казната затвор и отука сите 4 предмети се итни.

Членот на Судскиот совет- Мирјана Радевска Стефкова зеде збор и се надоврза на судија Мери Радевска, а во врска со излагањето на Селим Адеми и воедно истакна дека ниту имало намера, ниту се воделе од оддолговлекување на предметот, ниту пак негде донесле таков заклучок, туку само од фактите и списите по овие предмети согласно заклучокот од Судскиот совет постапувале како комисија. Истакна дека, првите три предмети се завршени предмети и не се однесуваат истите одредби од законот како 4 -от предмет кој не е завршен и станува збор за долго водена постапка, која може да се поведе и за 4 -от предмет, и тоа е единствена причина од која се воделе при изготвување на заклучоците.

Преседателот на Советот Весна Дамева, се произнесе дека ова се сензитивни предмети, јавноста е заинтересирана, а и Судскиот совет е особено заинтересиран за дали имало оддолговлекување на постапката или немало. Воедно ја изрази својата благодарност до работната група што интервентно и ажурно ја изврши работната посета и изготвила темелен и целосен извештај во кој е констатирана фактичката состојба, врз основа на сите утврдени факти од писмените докази како и увид во АКМИС системот. Напомена дека, лично за неа како член на Судскиот совет е ирелевантно дали имало или не оправдани причини за одлагање. Воедно, потенцираше дека со утврдување на тие факти се навлегува во друг терен, теренот на утврдување дали има одговорност или нема од страна на судија или судии и од тие причини смета дека извештајот е целосен и ќе гласа за истиот како и за предлог заклучоците. Истакна дека во сите судови на државата има оддолговлекување по предмети и тоа е неспорен факт, но во претходните седници се донесе заклучок дека сите координатори интервентно од 01.01.2023 година да почнат со работни посети во судовите во

кои ќе констатираат оддолговлекување на постапките и состојбата со стари нерешени предмети и остава на совесноста на секој член од Судскиот совет, кога и во кои рамки ќе ја изврши таа посета, а Судскиот совет ќе расправа и донесува соодветни заклучоци по однос на извештаите од работните посети. Напомена дека во понатамошниот тек на овие постапки ќе се утврдуваат и ценат и други факти, дали има одговорност или нема и тоа е дискреционо право на работната група, како и на секој член на Судскиот совет. Во овој момент, наведе дека, ниту има намера ниту смее да го изјави својот став за да не прејудицира било што или да се стекне впечаток дека влијае на понатамошниот тек на постапката, меѓутоа знаејќи го интегритетот, стручноста и знаењето на сите членови на Судскиот совет, во конкретниот случај на членовите на работната група, смета дека сето тоа ќе биде завршено во рамките на надлежностите на Судскиот совет. Воедно, жали што судовите се соочуваат со недостаток на човечки ресурси, судски кадар, меѓутоа Судскиот совет тука нема што да направи и таквите законски решенија се нешто што не зависи од Судскиот совет, трпат граѓаните, особено оштетените во постапките кои не можат да добијат брза правда и во тој случај се стекнува впечаток на бавна правда и селективна правда, некои предмети се земаат приоритетно и за истото нема оправдување. Понатаму, смета дека треба да се ценат сите факти и околности, за да се донесе одлука, доколку се преземат понатамошни дејствија, но не да биде задоволна јавноста, туку да бидат задоволни оштетените, во овие и други постапки, и со оддолговлекување на постапките да не се добива впечаток на селективна правда.

Заменик претседателот на Судскиот совет м-р Селим Адеми зеде збор по однос на дискусијата на Претседателката Дамева, и потврди дека е донесен заклучок, а по однос на дискусијата на членот м-р Ивица Николовски истакна дека Судски совет не само сега, туку од секогаш во континуитет ги следел работите на судовите. Воедно, по однос на извештајот и заклучоците истакна дека, тоа се факти и никој не може да ги спори, констатирана е состојба дека 9 месеци не е донесена одлука и 7 месеци не е изготвена одлука. По однос на заклучоците смета дека не треба да се делат предметите, треба 4-от предмет да оди со другите 3 предмети и да бидат сите во иста насока. Напомена дека, овој заклучок ќе го прифати и ќе го гласа, но во интерес на јавноста и постапката на овие предмети, да се донесе заклучок оваа работна група, да го почне истражувањето од првостепениот суд за да ги има сите елементи и факти.

Преседателот на Советот- Весна Дамева, по однос на излагањето и барањето на заменик претседателот м-р Селим Адеми во однос на првиот дел, предметот КЖ. 365/20 да влезе во заклучокот со другите предмети три предмети, напомена дека, членовите на работната група судија Мери Радеска и судија Мирјана Радевска Стефкова ги образложија причините зошто не можат да се спојат, меѓутоа претседателката Дамева даде предлог и побара предлог - заклучокот во точка 4 да се дополни и тоа: дека КЖ.бр. 365/20 е итен предмет, притворски предмет и од висок јавен интерес. Воедно, на второто барањето на заменик престседателот смета дека, заклучокот е ирелевантен, од причини што судијата Мери Радевска која од 01.01.2023 година е координатор на Основен кривичен суд Скопје е присутна на денешната седницата, детектирано е дека треба да се изврши увид, донесен е заклучок за посета на судовите и врз основа на тоа предмет на анализа ќе бидат и овие предмети.

Членот на Судски совет -Мери Радевска истакна дека нема потреба од заклучок, бидејќи тоа и е обврска како координатор на тој суд, а воедно напомена дека веќе детектирала слабости во тој суд.

Од причина што повеќе не се јави за збор ниту еден член од Советот, претседателот на Советот Весна Дамева, извештајот со предлог- заклучокот као што се предложени и забелешките дадени по однос на точка 4 од заклучокот го стави на гласање, по што констатира дека едногласно со 12 "за" и никој "против" се усвои извештајот на работната група за Апелациониот суд Скопје со заклучоците со предложените измени наведени погоре.

**Точка 3**
**Одлучување по Барање за надомест на трошоци**

Претседателката Весна Дамева истакна дека пристигнато е барање за надомест на патни трошоци од страна на судијата Павле Рафајлоски од Основен суд Гостивар, истиот е времено упатен како судија на Основен суд Кичево од 01.11.2022 година, за период од 6 месеци од неговото упатување и во прилог на барањето има приложено документација, цена за возниот билет на релација Гостивар-Кичево и обратно, како и изјава дека во град Кичево каде ја извршува судиската функција, ниту тој, ниту членови на неговото семејство немаат недвижен имот – сопствен стан, куќа, престојувалиште на територија на Општина Кичево, решение за упатување, фотокопија од лична карат и одлука за избор на судија, по што отвори расправа.

За збор се јави членот на Судски совет -Ханиф Зендели, кој истакна дека судијата со решение е упатен на вршење должност судија во Основен суд Кичево и согласно закон му следува надомест за патни трошоци и смета дека барањето треба да се прифати.

Претседателот на Советот Весна Дамева, истакна дека, согласно чл. 12 ст.1 алинеја 2 од Законот за платите на судиите судијата има право на надоместок на трошоците поврзани со вршење на судиската функција и тоа надоместок на трошоците за превоз на судија којшто живее во една, а работи во друга општина, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа.

Откако констатира дека никој друг не се јави за збор, барањето на судијата Павле Рафајлоски судија на Основен суд Гостивар за надомест на трошоци го стави на гласање.

Се констатира дека во салата не е присутен членот на Судски совет м-р Миљазим Мустафа.

По гласањето Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека едногласно, со 11 гласа „За", барањето на Павле Рафајлоски, судија на Основен суд Гостивар за надомест на трошоци се уважува и е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето на **ПАВЛЕ РАФАЈЛОСКИ**, судија на Основен суд Гостивар за надомест на трошоци **СЕ УВАЖУВА**.

На **ПАВЛЕ РАФАЈЛОСКИ**, судија на Основен суд Гостивар се **СЕ УТВРДУВА**

- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 01.11.2022 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Кичево, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Гостивар-Кичево и обратно.

**Точка 4**

**Расправа по Извештај за констатирана состојба**

За 4-та точка од дневниот ред јавноста е исклучена.

**Точка 5**

**Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија**

Претседателката Весна Дамева по однос на 5-та точка наведе дека од евиденцијата со која располага Судскиот совет видно е дека двајца судии исполнуваат услови за престанок на на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија и тоа Весна Калковска, судија на Основен граѓански суд Скопје на 05.01.2023 година и Бошко Богдановски, судија на Апелационен суд Битола на 08.01.2023 година и согласно законските одредби, по исполнување на услови за старосна пензија се одлучува на наредна седница, се констатира престанок и се донесени следните решенија:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на **Бошко Богдановски, судија на Апелационен сид Битола** на 11.01.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на на судиската функција на **Весна Калковска, судија на Основен граѓански суд Скопје** на 11.01.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Точка 6**

**Разно**

Претседателката Весна Дамева по однос на 6-та точка-Разно, истакна дека пристигнати се материјали и истите како дополнување дадени се од заменик претседателот на Судскиот совет-мр Селим Адеми во својство на координатор на Основен суд Прилеп и тоа приговори од страна на судии од Основен суд Прилеп- Јасмина Шишковска Стојковиќ, Оливера Митреска и Сашо Патоски, а против одлуките на Претседателот на судот за распределување во кривичен оддел за времетраење од една година. Судиите сметале дека ваквите одлуки се незаконити.

Претседателката Дамева му даде збор на координаторот на Основен суд Прилеп, м-р Селим Адеми.

Координаторот м-р Селим Адеми истакна дека сите тројца судии во своите приговори приговараат бидејќи освен да судат во граѓански оддел распоредени се и во кривичен оддел. Но, напомена дека во Основен суд Прилеп моментално има 5 судии, од кои еден од судиите на 19.01.2023 година исполнува услови за старосна пензија и остануваат 4 судии од кои еден кривичен судија и 3-ца граѓански судии. Исто така, истакна дека претседателот на судот прибавил позитивно мислење од Врховен суд да може тројцата судии да ги распредели и во кривичен оддел за период од една година. Смета дека поради тоа приговорите се неосновани, во моментот таква е ситуацијата во Основен суд Прилеп, а и самите судии ја признаваат и напоменуваат состојбата, меѓутоа нивниот приговор е поради стравот дека ќе preземат кривични предмети за кои може да дојде до застарување и вината да се префрли на нив.

Претседателката Весна Дамева отвори расправа по излагањето по приговорите.

За збор се јави судија Мирјана Радевска Стефовска, со прашање дали Претседателот на судот донел одлуки или Годишен распоред на судот и дали истиот суди?

Координаторот –м-р Селим Адеми потврди дека приговараат на Одлуките на Претседателот и уште еднаш наведе дека смета дека приговорите не треба да се прифатат, дека во оваа ситуација и судиите и претседателот се во право, но некој мора да ги работи тие предмети, а нема судии кои може Судски совет да ги делегира. Она што го има како информација од телефонски разговор со Претседателот на судот е дека и тој почнал да суди, а доколку не суди ќе се интервенира.

Претседателката Весна Дамева, истакна дека во друга ситуација, за друг суд Судскиот совет има донесено заклучок дека претседателите на судовите треба да судат.

Претседателката Весна Дамева бидејќи никој друг не се јави за збор го стави на гласање, предлогот да се донесе Решение со кое приговорот поднесен од Јасмина Шишковска Стојковиќ, судија на Основен суд Прилеп да се одбие како неоснован го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ се донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Приговорот поднесен од **Јасмина Шишковска Стојковиќ, судија на Основен суд Прилеп** против Одлуката на претседателот на Основен суд Прилеп Су-04 бр.38/22 од 27.12.2022 година со која судијата од Граѓанскиот оддел Јасмина Шишковска Стојковиќ, почнувајќи од 03.01.2023 година се распоредува и во Кривичниот оддел на Основниот суд Прилеп, за време од една година**, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.**

Претседателката Весна Дамева предлогот да се донесе Решение со кое приговорот и дополнението на приговор поднесени од Оливера Митреска, судија на Основен суд Прилеп да се одбие како неоснован, го стави на галсање.

По гласањето констатира дека едногласно со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ се донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Приговорот и дополнението на приговор поднесени од **Оливера Митреска, судија на Основен суд Прилеп** против Одлукатана претседателот на Основен суд Прилеп Су-04 бр.37/22 од 27.12.2022 година со која судијата од Граѓанскиот оддел Оливера Митреска, почнувајќи од 03.01.2023 година се распоредува и во Кривичниот оддел на Основниот суд Прилеп, за време од една година, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.**

Претседателката Весна Дамева предлогот да се донесе Решение со кое приговорот поднесен од Сашо Патоски, судија на Основен суд Прилеп да се одбие како неоснован.

По гласањето констатира дека едногласно со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ се донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Приговорот поднесен од **Сашо Патоски, судија на Основен суд Прилеп** против Одлуката на претседателот на Основен суд Прилеп Су-04 бр.36/22 од 27.12.2022 година со која судијата од Граѓанскиот оддел Сашо Патоски, почнувајќи од 03.01.2023 година се распоредува и во Кривичниот оддел на Основниот суд Прилеп, за време од една година, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАН.**

Претседателот на Советот констатираше дека е исцрпен Дневниот ред за 427-та седница на Советот и дека истата е завршена.

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Весна Дамева**

**Изработил:** Викторија Аврамовска Мадиќ
**Одобрил**: Весна Толева